ставуваше освен „банда на терористи“. Кај читателот ова тврдење предизвикува оправдано реагирање поради едноставноста на авторката. Потоа, би требало да се даде поголем акцент врз бугарската владина политика кон терористичката ВМРО на И. Михаилов за која постои обемен материјал во бугарските архивски и библиотечни фондови.

Заслужува посебно внимание делот во кој авторката ни дава скапоцени податоци за организирањето на логорот во Јанкапуста, за животот и проблемите на терористите (стр. 72, 107). Меѓутоа, таа воопшто не ја наведува националната припадност на членовите. Да се надеваме дека таа ќе има можност да ни даде повеќе податоци од ризницата на богатите унгарски архиви за луѓето во Јанкапуста.

Но независно од наведениве недостатоци, презентирани во научно популарен стил, трудот на С. Ормош Марија заслужува секакво поздравување зашто овозможува да се осветли еден доста темен, досега уште неосветлен, но значаен период од историјата на македонскиот народ.

Затоа овој труд го привлекува не само вниманието на обичниот читател туку и на македонската историографија.

**Р. И.**

**Боян КАСТЕЛОВ, Димо Хаджидимов, Партиздат, София, 1971, 186**

Очигледен е сериозниот обид на Б. Кастелов марксистички да ја расветли животната сторија на Димо Хаџи Димов. Меѓутоа, исто така евидентна е авторовата недоследност што резултира од неговиот неуспех марксистички да се издигне над одамна одживеаната теза за некаков „бугарски“ карактер на македонскиот народ. Да се остане на позицијата на старата бугарска буржоаска историографија во случајот на Д. Х. Димов е најмалку потребно, бидејќи „како идеолог на македонската левица и како раководна личност во бугарското комунистичко движење, Димо Хаџи Димов трајно се одбележи со ликот на целосен револуционер и стана врвен симбол на единството помеѓу вистинскиот патриот и вистинскиот интернационалист. Како таков, преку таа прекрасна синтеза, овој син на Македонија, стана жива врска помеѓу најпрогресивните сили и на македонскиот и на бугарскиот народ. Затоа и во летописот на нивните истории името на Д. Х. Димов стои во редот на нивните најсветли револуционерни имиња.“[1])

Главниот акцент во презентираната монографија е ставен на дејноста на Д. Х. Димов во бугарското социјалистичко движење.

Активноста на Д. Х. Димов во сферата на македонското ослободително движење е периферно засегната и ставена во втор план.[2])

Не може да се оспори намерата на авторот правилно да го наслика

---

1) Д. Митрев, Д. Х. Димов — идеолог на левицата во македонското национално-ослободително движење, сп. Историја, II/1—2, Скопје, 1966, 37.

2) О. Ивановски, покрај Д. Митрев, студиозно ги разгледува ставовите на Д. Х. Димов за македонското ослободително дело.

Сп. О. Ивановски, Балканските социјалисти и македонското прашање, Култура, Скопје, 1970.

маркантниот лик на Д. Х. Димов. Во монографијата провејуваат низа правилни констатации по однос на местото на Д. Х. Димов во работничкото движење и македонската ослободителна борба.

Авторот ја апострофира следнава визија на Д. Х. Димов: „Иднината е наша, иднината е на социјализмот! Нема сила која може да ни ја одземе таа иднина!“ (стр. 5). Кон ова потребно е да се додаде и следната мисла на Д. Х. Димов: „Македонија го има својот прв Илинден проследен со крвави денови на пораз и на тешки страдања во текот на четврт век. Таа ќе го има и својот втор Илинден, но веќе при идната нова и сигурна епоха на блиски победи и ослободување. Овој втор Илинден е близок, тој доаѓа...“[3])

Тој не ја почувствува реализацијата на овие негови идеали. Меѓутоа, самото лансирање на споменатите мисли ја покажува неговата далекувидност и луцидност.

Авторот накратко го проследува животниот пат на Д. Х. Димов. Познатиот револуционер е роден на 20. X. 1875 година во с. Горно Броди, Серско. Во 1879 г. неговата фамилија емигрирала во гр. Дупница, Бугарија. Во есента 1891 година Д. Х. Димов го продолжил своето школување во Ќустендилското Педагошко училиште. Во јуни 1895 година стекнал учителска диплома. Подоцнежниот обид да го крунисa своето образование со факултетска диплома не успеал. Поради неговите социјалистички погледи бил исклучен од Историско-филолошкиот факултет на Софиското Високо училиште. (стр. 82)

Паралелно со вршењето на напорната учителска професија, која го одвела во Дупница, Бистрица, Лом, Владаја, Буковец, Рила и др. места, се одвивала и неговата општествена и револуционерна дејност.

Уште во ученичките клупи почнал да се изградува неговиот социјалистички мироглед. „Само во м. март—април 1895 год. Хаџи Димов ја исполнил тетратката бр. 2 со белешки од 'Програмата на работниците' од Ласал и ‚Колективизмот' на Жил Гед.“ (Стр. 30) Следниов исказ на неговата сопруга најдобро ја илустрира неговата марксистичка ориентација: „Уште како учител во Дупница имаше многу голема библиотека. Читаше многу и постојано. Читаше внимателно и секогаш одбележуваше или потцртуваше. Во библиотеката имаше главно марксистичка литература — Маркс, Енгелс, Кауцки и др.“ (30) Затоа не е ни чудно што Д. Х. Димов е еден од основоположниците на социјалистичката група во Дупница во 1896 година. Посебна активност Д. Х. Димов пројавува и во културно-просветното друштво „Младост“ во Дупница. Освен тоа Д. Х. Димов засилено ги пропагира социјалистичките идеи. Кастелов, меѓу другото, истакнува: „Според неговите современици тој не е 'блескав' оратор, макар што одлично владееше со перото, но можеше со силни и прости зборови да изрази една вистина и да ја фрли во лицето на противникот... Беседите на Д. Х. Димов многу придонесуваат за идејното израснување на партиските членови“. (34—35)

---

[3]) Д. Митрев, Димо Хаџи Димов, РТС, Скопје, 1968, 27.

Пригрнувајќи ги ставовите на Д. Благоев, Д. Х. Димов се нашол во таборот на тесните социјалисти.

„Својата активна општествено-политичка дејност во почетокот на XX век Д. Х. Димов ја пројавува, пред сè, како талентиран публицист и журналист" (36).

Соработувал во низа прогресивни весници и списанија како: „Работнически весник", „Учителска искра", „Право", „Народна правда" „Изгрев", „Право дело", „Ново време", „Социјалистички преглед" и др. Тогаш често ги употребувал псевдонимите „Силуета" и „Венец".

Авторот мошне успешно ја илустрира публицистичката дејност на Димо Хаџи Димов со редица изводи од неговите статии.

Авторот натаму се осврнува на улогата на Д. Х. Димов во бугарското учителско движење. Меѓу другото, авторот истакнува: „Во историјата на бугарското учителско движење името на Д. Х. Димов зазема едно од централните места". (50) Во декември 1899 год. Д. Х. Димов е еден од организаторите на штрајкот на учителите во Дупница. Во 1903/4 год. бил секретар-касиер на Бугарскиот учителски сојуз (51)

Авторот посебно ја потенцира улогата на Д. Х. Димов во создавањето на новата Учителска Социјалдемократска организација (УСДО) во 1905 година.

„Своите педагошки погледи Х. Димов ги оформува во процесот на неговата непомирлива борба со буржоаската педагошка мисла во реферати, брошури и во близу 250 статии, печатени во весници и списанија". (101)

Говорејќи за актуелноста на Хаџи Димовата педагошка мисла, авторот истакнува: „За просветните работници, за народното учителство статиите на Х. Димов по педагошките прашања и денес претставуваат голем интерес." (107)

Меѓу другото, авторот се задржува и на интимниот живот на Д. Х. Димов. Притоа цитира изводи од неколку негови писма. По седумгодишно познанство „есента 1905 година учителката Александра Ставрикиева освен идеен другар на Хаџи Димов станува и негова жена". (85)

Натаму авторот на четириесетина страници (107—147) ја разгледува дејноста на Димо Хаџи Димов во македонското револуционерно движење.

Македонското друштво „Единство" во Дупница било основано 1898 година. За кратко време тоа станало „едно од најактивните македонски друштва во Бугарија". (110). Заслуга за тоа имал и Д. Х. Димов, кој постанал деловодител на тоа друштво.

Авторот говори и за врската на Д. Х. Димов со групата на Главинов.

Според Кастелов, „како другар на Гоце Делчев, кој често доаѓа во Дупница, Д. Х. Димов има голем удел во оформувањето на идејните основи на Уставот на Организацијата изработен во 1896 год. од Г. Делчев и Ѓ. Петров". (116)

„Дупничкиот учител-социјалист Д. Х. Димов има исклучително голема заслуга за идејното оформување на револуционерот Јане Сандански. (109)

„Идејната блискост и дружба на Хаџи Димов и Сандански е пример на дружба меѓу вистински револуционери. Таа ќе се провери во нивниот четнички живот во Пирин, во борбата против врховизмот, во нивната дејност за време на Хуриетот и војните, за да остане и по смртта на Јане чиста и неоцрнета. И кога

клеветниците се обидуваат да го оцрнат името на големиот револуционер, прв Д. Х. Димов ќе го очисти од реѓата неговиот голем и мудар ум, неверојатната храброст и исклучителната скромност". (113—114).

Говорејќи за борбата против врховизмот, авторот истакнува: „Првите идејни противници на врховизмот се Гоце Делчев и Ѓорче Петров... Од револуционерните окрузи најдоследни борци против врховизмот се Серскиот и Струмичкиот. Зад нив стојат П. К. Јаворов, Антон Страшимиров, Иван Кепов, Никола Наумов — сите видни писатели и публицисти. Од страна на социјалдемократите освен македонскиот револуционер Димо Хаџи Димов активно учествуваат и Д. Благоев, Н. Харлаков, Н. Габровски, Т. Петров и др." (124—125)

Сликајќи ја идеолошката борба помеѓу левицата и десницата на македонското револуционерно движење, авторот истакнува: „На Христо Матов — идеологот на зацртаната десница му се спротиставуваат Јане Сандански, Димо Хаџи Димов, Хр. Чернопеев, Д. Стефанов, Д. Мирасчиев и др. На советувањата признатиот идеолог на левицата Д. Х. Димов го критикува устројството на Организацијата, и дејноста на одделни раководители, предлага редица конструктивни реформи за воспоставување на системот на демократскиот централизам во раководството на Организацијата, го поставува отворено прашањето за отстранувањето на Матов. Гарванов, Сарафов и др. Своите разбирања за идната дејност на Организацијата Сандански и неговите другари од левицата ги изложуваат во Директивата за идната дејност на Организацијата' и ,Упатствата' кон неа, напишани од Д. Х. Димов и Д. Мирасчиев". (127—128)

На Рилскиот конгрес 1905 година „уште на самото отворање започнува жестоката борба помеѓу левицата и десницата. Чекор по чекор левицата на чело со Ѓ. Петров и Ј. Сандански ги провлекува своите разбирања... Избирањето на Хаџи Димов за редактор на в. 'Революционерен лист' има вонредно важно значење за Организацијата, зашто по завршувањето на Конгресот, и покрај 'еднодушните' решенија, започнува вистинскиот расцеп на Организацијата. Д. Х. Димов го претворил в. 'Революционерен лист' во вистински боен орган на ВМОРО против врховистите, пропагирајќи ги идејните позиции на левицата и нејзината револуционерна борба". (129)

Натаму авторот забележува: „Особено големо значење имаат статиите на Хаџи Димов, потпишувани со псевдонимот Авиценус за устројството на ВМОРО и нејзината политика". (131)

Потоа авторот заклучува: „Д. Х. Димов во левицата на ВМОРО не е обичен редник. Тој е еден од столбовите на нејзината идеолошка борба". (132)

Понатаму авторот накратко ја изнесува активноста на Х. Димов во Младотурскиот период. Притоа ја потенцира улогата на Д. Х. Димов во весникот „Конституциона зора". „Редактор на в. стана Д. Мирасчиев, а Д. Х. Димов негов помошник. (135)

Потоа авторот се осврнува на улогата на Д. Х. Димов во создавањето на Привременото претставништво на Обединетата бивша ВМОРО во март 1919 год.

„За популаризација на идејните основи на борбата на Привремено-

то претставништво, Хаџи Димов редактира билтен. Редакцијата е во Софија и сè се сместува во неговиот дом на ул. ,20 април' бр. 17, а самиот тој е автор на повеќе материјали во него". (145)

Кон крајот на 1919 и почетокот на 1920 година за време на штрајкот на транспортните работници во куќата на Д. Х. Димов во Софија се криеле гонетите од полицијата — Ѓ. Димитров, В. Коларов и Кабакчиев.

По директива на ЦК на БКП во 1920 година бил создаден Емигрантскиот комунистички сојуз. Секретар на Сојузот станал Д. Х. Димов, кој поради тоа ја откажал должноста секретар во Министерството на трговијата.

„Како редактор на в. 'Ослободување' — орган на Емигрантскиот комунистички сојуз, тој го претворил весникот во вистинска револуционерна трибина. Од почетокот редакцијата е во неговиот дом, а повеќето од материјалите потпишани со псевдонимите 'Тракиец', 'Македонец' и др. излегуваат од неговото перо". (156)

Авторот ја разгледува и активноста на Д. Х. Димов во Септемвриското востание. „По тримесечниот затвор Хаџи Димов ја засилува својата политичка дејност и покрај застрашувањето на македонствувачките фашисти дека ќе го убијат". (160) Нешто подоцна, „на Витошката конференција (17 и 18 мај 1924) е избран нов ЦК со секретар Станке Димитров—Марек. Во тие тешки денови на терор и мракобесие член на ЦК на БКП е и Димо Хаџи Димов". (162)

Во летото 1924 година Д. Х. Димов станал пратеник во бугарското Народно собрание на местото на убиениот Петко Д. Петков. Авторот посебно се задржува на бескомпромисните беседи на Д. Х. Димов во Бугарскиот парламент.

„Славата на комунистичкиот депутат се разнесла низ целата земја. Го нарекле 'совест на парламентот', 'бугарски Карл Либкнехт'. Но за фашистичката власт тој е трн во очите. И таа не може никогаш да му прости. Дури ни по неговото убиство". (178—9).

Политичките атентати зачестиле.

„На 12 септември 1924 година михајловистите ја устроиле вартоломејската ноќ во Горна Џумаја. Уште истиот ден, како по строг распоред, следат жртва по жртва: во Софија пред ручек е застрелан Славчо Ковачев, во Пловдив Чудомир Кантарџиев, во Банско — Александар Бујнов, во Сливенград — Георги Скрижовски". (182)

Со подлото убиство на Димо Хаџи Димов на 13 септември 1924 година на булеварот „Драгоман" во Софија — комплетирана е листата на жртвите — припадници на бившата Серска група.

Личноста на Д. Х. Димов се всадила во спомените на неговите современици. Според Д. Ив. Зографов, бивш министер во Кабинетот на А. Стамболиски, Д. Х. Димов бил „со многу проиклив ум огнено приврзан и предан на својата политичка припадност, комунист од класа. Мислеше, ги убедуваше сите, давајќи личен пример за саможртва на вистински револуционер". (78) Според Христо Калајџиев, „во тој скромен, обичен на прв поглед човек беа собрани нескршливиот борбен дух, железната волја и бестрашност на професионален револуционер". (150).

Во монографијата се предадени и неколку интересни фотографии. меѓу кои и фотографијата на Д. Х. Димов со фамилијата снимена два дена пред неговата трагична смрт.

Потребно е да се нагласи дека во монографијата се провлекле и неправилни констатации. Така, на пр., делумно е погрешна следнава констатација: „Кога свиканиот од Гарванов конгрес (2, 3 и 4 јануари) во Солун, без присуство и согласност на Г. Делчев, Ј. Сандански, Ѓ. Петров и др. решава да објави востание во Битолскиот округ на 20 јули 1903 год..." (119). Каква е историската вистина е мошне добро познато.

Погрешно е и гледиштето дека Народната федеративна партија била создадена во почетокот на август 1908 год. (135) и дека нејзиниот Основачки конгрес се одржал во септември истата година. (137) Уште помалку одговара на вистината ставот дека в. „Конституциона зора" бил орган на партијата (135), бидејќи нејзин орган бил в. „Народна волја".[4])

И покрај тоа не треба да се заборави дека авторот апроксимативно правилно ја насликал личноста на Димо Хаџи Димов. Самиот стремеж комплексно да ја претстави маркантната фигура на Д. Х. Димов заслужува посебно внимание.

**Д. Д.**

## Roberta Strauss Feuerlicht, ŽIVKO OF YUGOSLAVIA, New York 1971, p. 64.

За Скопје досега се објавени многу написи, репортажи, статии, дури и книги, посветени како на град — страдалник во кој се слееја напорите на неговите граѓани, на Македонците и другите југословенски народи и речиси на целиот свет за што побргу по неговите улици да му се врати, и потече животот. да се слуша џагорот на дечињата, смеата и викотниците на младинците, забрзаните чекори на работните луѓе, нивната песна, орото и културниот живот воопшто.

Една од таквите публикации е и забележливата книга на Роберта Фоерлихт под наслов ЖИВКО ОД ЈУГОСЛАВИЈА, што во минатата година се појави во книжарниците и во библиотеките на САД.

Мотивите на авторот за пишувањето на оваа книга се длабоко алтруистички. Како пријател на Југословените, Македонците и граѓаните на Скопје, таа се нашла побудена да се придружи кон илјадници луѓе и своевидно да ја изрази својата солидарност со нашите страдања и да го даде својот придонес за што побрзо да се залечат раните од катастрофата.

Нејзината книга е издадена во рамките на една посебна едиција, преку која помладите генерации на американската младина — преку животот на своите врсници од далечните земји се запознаваат и со нивните географски простори и народи, со нивната историја, обичаите и сл.

---

[4]) Сп. М. Пандевски, Политичките партии и организации во Македонија (1908—12), Скопје, 1965, 126—131.